**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 јули 2003 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Неждет Мустафа, Трифун Костовски, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Соња Лепиткова, Али Ахмети, Фазли Велиу, Илија Китановски, Ванчо Стаменков, Аднан Ќахил, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Ќедев и Ванчо Георгиев, ме известија дека од оправдани причини, не се во можност да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со работа по Осмата точка - Предлог за именување на претседател и членови на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.**

Предлогот за именување Ви е доставен.

Претресот и расправата ја водиме поединечно за секој член, затоа што поединечен е и изборот на членовите на Регулаторната комисија.

Отворам претрес по предлогот Слава Ивановски да биде именуван за претседателе на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам дека треба да направиме една дискусија воопшто за изборот на претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика,

токму поради тоа што пред нив е една голема задача и одговорност, за која ние разговаравме и која досега два пати се разгледуваше на ова Собранието. Но мислам дека и денес е ред да се кажат неколку зборови во однос на изборот за Регулаторната комисија за енергетика пред да преминеме на самиот избор на членовите и на претседателот поединечно на оваа Регулаторна комисија за енергетика.

Мислам дека токму таа дискусија ќе не доведе до она што после тоа ќе ви даде за право да разговараме поединечно и за членовите кои во овој момент ги избираме. Значи, пред нас е предлгот за именување претседател и членови на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија. Во врска со предложените кандидати за членови на Регулаторната комисија би имал еден коментар според кој треба да се објаснат сите активности и функции кои ќе треба да ги извршува оваа комисија и големата одговорност која истата ќе ја има пред граѓаните на Република Македонија.

Регулаторната комисија се формира заради обезбедување на сигурно и безбедно снабдување на потрошувачите на Република Македонија со енергија, заштита на животната средина и природата, воведување и заштита на конкурентен пазар на енергија врз начелата на објективност, транспарентност и недискриминираност. Регулаторната комисија треба да е независна во своето работење и донесување на одлуките, но со самиот чин што членовите ги предлага Владата без никаква консултација со опозцијата, нормално е тие да станат зависни од оној што ги предложил и што треба повторно да ги предложи после една, две, три или четири години, во зависност од временскиот период за кој истите ќе бидат бирани.

Гледајќи го членот 11-г, став 5 и 6, каде што стои дека “член на Регулаторната комисија може да биде и член на политичка партија”, а во ставот 6 дека “не треба да бидат повеќе од двајца од иста политичка партија” ние со предлогот на членовите на Регулаторната комисија не добивме информација дали овие кандидати се членови на политичка партија и на која партија припаѓаат, но јас знам дека опозицијата не предложи ниту еден свој кандидат, а ги имаше повеќе. Но сега останува да погодуваме кој од која политичка партија доаѓа и уште во старт има проблем и Владата и овие членови на Регулаторната комисија. Наместо пред нас да имаме листа од 10-15 кандидати кои ги исполнуваат условите, а ние пратниците според нивните биографии и работно искуство да ги дефинираме петте членови од Регулаторната комисија, сега пред нас добиваме во стилот на СДСМ предизборието

- еден е животот, еден е изборот, а тоа се овие пет предложени кандидати, кои лично ниту ги познавам ниту имам нешто против истите, но знаејќи какви задолженија и ингеренции добиваат, уште во старт имаат проблеми како луѓе предложени само од Владата. Без една поширока елаборација и поддршка од Здружението на енергетичарите, Стопанската комора и сите останати надлежни институции за енергитика, гледајќи го член 11-е каде што се напишани задачите кои понатаму треба оваа комисија да ги извршува, ќе видиме колкава ќе биде понатаму одговорноста, која ако не биде одделена од недрата на Владата ќе има и преголеми ингеренции, но никаква одговорност. Единствено можат да бидат променети, но што со настанатата штета?! Но ако можат нашите министри за економија и финансии да не натераат неколку месеци да плаќаме најскап бензин во Европа, а воопшто да не помислат за поднесување оставка, тогаш што со овие личности кои очекуваат да поминат нивните една, две, три или четири, пет години.

Задачите во членот 11-е и тоа, големината на овие задачи е токму во тоа што тие се грижат за сигурно, континиурано и квалитетно снабдување со енергија; пропишува услови за снабдување со одделни видови енергија; пропишува методологија за формирање на цени на одделни видови енергија; донесува одлуки за цени на одделни видови енергија согласно Методологијата за формирање на цени, тарифните системи на одделни видови енергија и други законски пропипси; го издава и менува, одзема и го следи извршувањето на лиценците за вршење на одделни дејности од областа на енергетиката; покренува иницијатива за донесување закони и други прописи од областа на енергетиката". Значи, сите овие задачи и задолженија кои оваа Комисија ќе ги има се премногу големи за да можеме така едноставно да преминеме преку овие работи.

Со овие задачи, доколку Владата ја има контролата врз истата, Владата ја избегнува комплетно одговорноста и се префрла врз оваа Регулаторна комисија која што тешко може да се справи со сите овие задачи, затоа што и денес кога работат многу повеќе личности во сето ова многу тешко се стигнува да се завршат овие задолженија. Со самото тоа, Регулаторната комисија станува сервис на Владата. Кога после донесените одлуки од Регулаторната комисија ќе треба да се жалите до Комисијата за решавање на жалби, која исто така ја предлага Владата, а вие како парламентарно мнозинство ќе ја изгласате, тогаш кругот се затвора. Владата никогаш за ништо нема да биде виновна, затоа што има две институции пред неа, но дали е точно така?

Друга недефинирана ситуација за сето ова да функционира е платата на членовите на Регулаторната комисија. Во член 11-и, став 2 се кажува дека најдоцна до 1.10 од тековната година Регулаторната комисија треба да го поднесе предлог буџетот на истата до Собранието на Република Македонија за усвојува, во кој што се содржани сите трошоци, вклучувајќи ги и платите на члевоните на Регулаторната комисија и на вработените. Никаде во овој закон, кој што е објавен во "Службен весник" број 94/02 и 38/03 не е регулирано колкав ќе биде надоместок за работа на членовите на Комисијата. Затоа, ова треба да се дефинира за да нема забуни и проблеми и за Комисијата за молби и жалби.

Не е регулирано, како што беше и за Републичкиот судски совет, дали и до кога може да бидат претседатели или членови на Регулаторната комисија, и покрај тоа што ќе ги исполнат условите за пензија или не. Мислам дека и овој дел треба да биде регулиран. Но што е уште побитно, или најбитно, тоа е начинот на кој што ќе се изврши трансформацијата на АД ЕСМ, за што во моментот монополската улога која ја има истото ги носи одредени задажи кои треба да ги работи Регулаторната комисија да бидат неспроведливи. Тоа подразбира дека АД ЕСМ дефинитивно треба формално и практично да почне да се трансформира, односно да се одделат производството, преносот и дистрибуцијата, а не да се почне со отпуштање на работници, како што тргнаа погрешно господата од АД ЕСМ, туку завршената трансформација да донесе бројка на луѓе кои ќе бидат вишок или пак слободни работни места кои треба да се пополнат. Да се завршат исте започнати модернизации на хидроелектричните централи, да се подготви пазарот за претстојната либерализација и слободниот увоз на нашиот пазар, односно бербата на енергија да се направи, а не како што сега се обидува некој да ја направи во рамките на АД ЕСМ. Ќе се овозможи трансферот на електрична енергија да биде регистриран и целосно наплатен и многу други работи.

Токму поради сите овие фалинки, овој предлог треба да се повлече, да се изработат законски сите овие проблеми, АД ЕСМ да почне нешто да работи на трансформацијата, затоа што многу скоро ќе почне и нешто околу приватизацијата на истото, каде што сигурно ќе треба да се вклучат и членовите на Регулаторната комисија.

На крајот, сепак би сакал да проговорам и нешто околу предложените кандидати. Ако, господине претседателе, одиме кандидат по кандидат или за комплетната листа што е доставена, така ...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Според законот сме обврзани да ги избираме поединечно, а не како листа, па би ве замолил да водиме поединечна расправа, освен ако немате нешто генерално.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро, јас би почнал со претседателот г. Славе Ивановски.

Во членот 11-г став 4 стои дека “еден член од Комисијата треба да биде правник, друигот економист и тоа експерти, но со познавање на областа енергетика”. За г. Славе Ивановски работите кои ги извршувал може да се каже дека е вред, а исто и според препораките на ценетите господа кои се потпишале под името на Славе Ивановски, единствено што не видов е дали Славе Ивановски е член на некоја партија и на која. Мислам дека кога се инсистира на такви работи требаше да се запишат и овие податоци за сите кандидати.

Јас би кажал толку. Според биографските податоци и она што го работел во текот на својот работен век мислам дека може да задоволи за да ја обавува оваа функција претседател на Регулаторната комисија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Почитуван претседателе на Собранието, претставник на Владата и колеги пратеници,

Бидејќи ја следам оваа проблематика во енергетика и самиот процес на спроведување на реформи во области на енергетиката, и кога веќе почнавме да водиме расправа по оваа точка, сакам да кажам неколку зборови за оваа тема.

Имено, еднаш кога се донесуваа измените во Законот за енергетика, од оваа говорница нагласив дека формирањето на Комисијата за енергетика е многу значаен момент во рамките на целокупните реформи во стопанството на Република Македонија и во енергетиката воопшто. Ова е исто така многу значаен чекор и во нашите настојувања за приближување кон Европа и приближување на легислативата на Република Македонија кон Европската легислатива. Ова посебно сакам да го нагласам дека ова е значаен момент, затоа што со овој чин Владата на Република Македонија се откажува доброволно од големи и важни ингеренции кои ги

има во областа на енергетиката воопшто за сметка на едно независно регулаторно тело од енергетиката.

Колегата Мавровски ги наброи ингеренциите на Регулаторната комисија, оние кои што треба да ги има. Крајна цел на спроведувањето на дејностите на Регулаторната комисија за енергетика е приближување или отворање пазар на енергија и вклужување на регуларниот пазар на енергија, што е значаен чекор, значи кршење на монополот и монополните улоги на пазарот во Македонија не само на Електростопанство на Македонија туку и другите енергетски компании кои ги има во Македонија и преод на пазарно стопанисување во оваа област.

Од ингеренциите и задачите кои ќе ги има Регулаторната комисија сакам посебно да ја истакнам улогата на издавање лиценци. Комисијата ќе биде надлежна за издавање лиценци, меѓутоа и следење на работата и одземање лиценци на учесниците на тој пазар, односно субјектите кои ќе се занимаваат со стопанисување во областа на енергетиката. Друга битна надлежност е одредување на методологијата за формирање на цените на одделни енергенси за секој вид енергија одделно, понатаму одредување тарифни системи и тарифни ставови за одделни видови енергија и во согласносто со оваа методолоција, тарифите кои ќе бидат донесени, утврдување на цените на енергенсите, што досега беше битна улога, битна функција на Владата и Владата оваа функција ја користеше не само за издржување на одделни претпријатија во енергетиката како стопански субјекти, туку во одредена мерка ја користеше и како социјален инструмент.

Улогата на Регулаторната комисија, односно нејзината строга задача која ќе биде контролирана не само од ова Собрание туку и од европски институции колку доследно се спроведува, ќе биде да не дозволи некомерцијално работење во секторот, односно со помош на тарифните ставови кои ќе ги донесе да не дозволи прелевање на средства од една категорија повластени потрошувачи, како што се тоа големите индустриски потрошуважи денес, на друга категорија потрошувачи.

Од овој процес на разграничување и преод кон комерцијално работење се очекува дека ќе има најпозитивен ефект, најпозитивниот ефект ќе го почувствуваат малите стопански субјекти и индустријата воопшто. Се очекува дека ова ќе биде исполнување на еден од главните услови за почеток, односно создавање комерцијален амбиент за вложување, како за домашни така и за странски инвестиции, бидејќи во стопанството, во производството и во било која индустриска гранка енергијата и нејзината цена имаат важна улога, и не само моменталната цена туку и условите под кои субјектите се снабдуваат со енергија.

Целта на сите овие мерки, односно на работата која што Комисијата треба да ја спроведе е да овозможи амбиент, услови, транспарентност, еднаквост на субјектите на пазарот, како што тоа денес е случај во Европа. Странските инвеститори бараат, поставуваат услови да можат да се снабдуваат со енергија, да пазарат енергија онака како што се навикнати дома во Европа и воопшто секаде во светот.

Тука стана збор за независноста на Регулаторната комисија, јас исто така, сакав овој елемент да го нагласам затоа што нормално оваа комисија мора да биде политички и финансиски независна од Владата за да може да ги спроведе овие функции и улогата која и е наменета онака како што ја истакнавме.

Независноста на Регулаторната комисија се обезбедува со одредени механизми во самиот закон кој е донесен и во принцип механизмите кои обезбедуваат политичка независност се цикличното избирање на членовите на Регулаторната комисија од пет члена, еден се избира на година дена, еден на две години и така до пет години така што секоја година ќе има ново именување, ново избирање на смена на по еден член на Регулаторната комисија.

Исто така во нашиот закон експлицитно е ставено дека не може член на Регулаторна комисија да биде член на политичка партија односно ако порано членувал во партија членството му престанува и исто така не може повеќе од два члена на Регулаторната комисија во еден состав, во еден мандат да потегнуваат од иста политичка партија.

Овие два механизми се познати во легислативата во Законот и на Западна Европа, а и земјите од Југоисточна Европа кои порано од нас влегле во овие реформи. Во тој поглед од страна на странските експерти нашиот закон како решение, мислам како законско решение е пофален и истакнат. За да во пракса профункционира уште подобро услов за предлагање на членови на Регулаторната комисија наведено е тие да бидат кандидирани, предложени по референца од тројца истакнати стручњаци од областа на енергетиката и пред да се дојде до оваа листа од пет кандидати беа спроведени професионални собири и истакнување на кандидати и препораки од видни стручњаци.

Ова го знам затоа што учествувам во едно од здруженијата на енергетичари во Република Македонија, знам дека имаше собир и дека имаше кандидати. Дури во самиот закон е наведено кој може да напише референца, значи кој може да препорача член на Регулаторната комисија, во Законот стои дека тоа е

професор со докторски стаж од пет години или врвен менаџер во областа на енергетиката со одреден стаж.

Тоа е што се однесува до механизмите за обезбедување на политичка независност, меѓутоа, исто така се вметнати механизми за обезбедување, можеби уште поважно, на финансиска независност на Комисијата и заради тоа не е предложено Комисијата да биде финансирана од Владата, од буџетот на државата, туку се финансира од сопствени извори. Што значи, корисниците на лиценци, оние кои ќе учествуваат на пазарот на енергија за лиценците кои ги добиваат и за услугите што ќе ги добиваат од Регулаторната комисија треба да плаќаат извесен процент на надокнада.

Претседателот на Регулаторната комисија е оној кој ќе биде, дефакто, директор, раководител на таа институција и кој понатаму ќе ги одредува платите не само на комисионерите, туку и на вработените во Регулаторната комисија. За почеток во Предлогот на законот стоеше дека се претпоставува на еден комисионер околу тројца вработени да има помошници, асистенти исто така експерти стручњаци кои ќе бидат обучени од таа област, од областа на енергетиката.

Тој факт дека Регулаторната комисија сама ќе ги одредува платите на своите вработени, на комисионерите, го истакнувам како позитивен пример дека тоа ќе биде во прилог на нејзината независност од Владата.

Трет фактор во прилог на независноста на Комисијата е тоа што Комисијата е задолжена да дава отчет за својата работа пред Собранието на Република Македонија. Значи, да се разбереме ова не е владина комисија, ова е собраниска комисија. Собранието одлучува за нејзиниот состав и комисијата е задолжена да дава извештај за работата и финансиски извештај до Собранието на Република Македонија, така што ние ќе имаме прилика секоја година минимум еднаш годишно да расправаме, да јапроценуваме работата на оваа комисија.

Да не должам премногу, сакам да го искажам значењето, важноста и улогата на овој прв состав на Регулаторната комисија, затоа што од кандидатите кои ги избираме денеска и од нивната работа зависи во иднина достигнувањето на нашата цел, профункционирање на Пазар на енергија во државата, приклучување најпрво кон регуларниот Пазар и подоцна кон заедничкиот европски пазар. Воопшто, од овој состав, од начинот на тоа како тие ќе ја практицираат својата работа, многу зависи и угледот на ова тело, кој што ќе го добие во самата држава. Од таа страна сакам да го поздравам кандидирањето на овие кандидати. Повеќето од нив лично не ги познавам или сум имала прилика скоро да ги запознам, меѓутоа,

од друга страна многу добро ги знам имињата на рецензентите, на оние кои што ги предложиле овие кандиати и имајќи го предвид нивниот углед, јас како пратеник ќе гласам поединечно за членовите на оваа Регулаторна комисија.

Сакам уште еднаш да апелирам, да нагласам дека значењето на овој состав е исклучително важен.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Реплика на господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Уште еднаш слушнавме дека колешката Борозан е вклучена во сите овие трансформации на “Електростопанство” и дека ги знае доста добро работите. За жал, ние не сме вклучени, а немавме можност ниту да предложиме, ниту некој не повика на тие собири на енергетичари или незнам какви собири беа, па затоа истакнувам дека оваа комисија ако го гледаме правото занчење на комисијата и ова што кажуваме дека Владата на Република Македонија се откажува од своите ингеренции, какви ингеренции со ова добива Регулаторната комисија. Тоа треба да им го објасниме и на пратениците и на народот. Затоа, овие пет луѓе кои треба да ги избереме денес, мислам дека токму оние што ги потпишувале референците треба да бидат во таа комисија. Значи, професори, доктори и магистри, а не оној што ги потпишувал и понатаму ќе видиме за другите кандидати кои имаат и потпишано референца. Во Законот убаво е кажано, па после тоа одиме до нешто што самите се негираме. Значи, оваа Комисија, ако Владата на Република Македонија се откажува, јас гледам дека не се откажува, бидејќи кандидатите точно Владата на Република Македонија ги предлага, а вие како парламентарно мнозинство тука ќе ги изгласате, значи таа комисијас директно станува сервис на Владата, не е независна комисија, во која што ако мислите дека ова што го кажавте, цикличното избирање и промена на членовите, од кои што претседателот се бира на пет години, а последниот член на една година, многу малку ќе има влијание врз неговата политичка улога или неговите политички активности кои ги има. Ние велиме дека тие повеќе нема да бидат членови на еднас политичка партија. Дали во моментот доаѓаат од некоја политичка партија и сега нивното ќе мирува. Истиот проблем беше со Републичкиот судски совет, каде што исто вие како пратеници имавте забелешки кога некој од тогашното парламентарно мнозинство беше избран затао што е претставник на

некоја политичка партија. Сега, ја имаме истата ситуација и велиме деак тоа не е никаков проблем.

Друго што би сакал  да кажам деак странскит еексперти зборуваат дека овој закон е поволен и дека треба така да биде, но треба да знаеме дека ние во моментот немаме пазарна енергија и дека оваа комисија можеби е и многу прерано направена. Затоа, треба да размислиме сите заедно да ги најдеме правите луѓе кои ќе бидат во оваа Регулаторна комисија. Мислам дека брзање не би требало да има и дека треба сите заеднички да ги изнајдеме правите кандидати, затоа што оваа комисија има преголеми ингеренции, за да миожеме така бегло да преминеме преку сето ова.

Затоа, мислам дека остаснува и треба да се повлече овој предлог да размислиме да се донесат многу повеќе кандидати од кои што ќе можеме да бираме како пратеници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мавровски, по втор пат ја повторувате истата работа. Јас како човек кој се грижи за законитоста на работата на Собранието на Република Македонија, сум должен да ве известам дека согласно законот, Собранието на Република Македонија избира на предлог на Владата на Република Македонија. Што значи дека не можеме на други предлози или на сопствен избор од повеќе предлози. Со законот е тоа уредено дека изборот морарс да биде на предлог на Владата на Република Македонија и тука не можеме процедурата што вие ја покренавте да ја имплементираме, таа е со закон уредена.

Претпоставувам дека госпоѓа Борозан има преплика на ова.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Ова е одговор на репликата.

Колегата Мавровски тука загатна неколку работи, јас се трудев да ги забележам и ќе се обидам да одговорам на нив.

Прво, Регулаторната комисија нема воопшто директна врска со трансформацијата на “Елетростопанство” на Македонија. Што се однесува до реформите на Електростопанство на Македонија, може да остане онакво какво што си е, со тоа што воопшто да не биде нарушен процесот на воведување на пазарна енергија.

Второ, значењето на комисијата е навистина големо, се согласувам со тоа. Формирањето на оваа комисија во европската легислатика се поставува како услов за почнување на реформи во оваа област воопшто. Во врска со предлогот да се почека со формирање на оваа комисија, сакам да истакнам дека овој проект се води уште од 2000 година за формирање на Регулаторна комисија и тоа е проект што го започна минатата влада во соработка со некои странски консултанти и донатори, така што Регулаторната комисија според обврските што сме ги презеле од Атинскиот меморандум, требаше да биде веќе во функција да работи во јуни 2003 година, што значи ние веќе длабоко доцниме со формирање на оваа комисија.

Понатаму, сакам да нагласам дека професорите од факултет не можеа да бидат членови на оваа комисија од проста причина што функциите на комисионерите се професионални, што значи тие ќе бидат професионално вработени таму и тоа токму е во прилог на обезбедување на независност на поедините членови.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓо Борозан ви благодарам на репликата.

Дупло ви истече времето, два пати ве предупредувам, очигледно е дека уште мислите да дискутирате.

Господин Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе,

Најпрво би сакасл малку процедурално да забележам, затоа што ние расправаме, како што кажавте, за предлог од Владата на Република Македонија за именување на претседател и членови на Регулаторната комисија. Предлагачот нема претставник. Мислам дека во името на Владата на Република Македонија треба да најдат доблест да бидат присутни.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има претставник, не трошете џабе зборови, а ако имате дискусијас повелете. Има претставник на Владата на Република Македонија во салата.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас не гледам, дека ниту премиерот ниту некој од замениците на премиерот е тука, па од тие причини го зборувам тоа. Во името на Владата на Република Македонија, сигурно дека заради тежината на проблематиката, која што ја разгледуваме како точка односно овие надлежности кои што ги има Регулаторната комисија во областа на енергетиката, фактички, таа претставува еден вид Влада во енергетската област. Сметам дека требаше да има доволно значење со присуство на некои од министрите или од премиерот или од замениците на премиерот. Меѓутоа, независно од тоа, сметам дека Регулаторната комисија како тело претставува еден многу значаен сегмент од вкупната поставеност на структурата на државните институции во Република Македонија, особено со тоа што енергетиката како област претставува основа и основен двигател и на стопанските активности и основен предуслов за нормалното живеење на населението во нашата држава. Особено, имајќи ги предвид и сите оние надлежности кои што се предвидени во законот, а кои што ги има Регулаторната комисија. Јас, тука не претендирајќи да навлегувам или да го читам целиот закон, сакам да кажам од оние битни надлежности, кои што се особено значајни. Од тие причини го спомнав она на почетокот во однос на присуството на претставници на Владата на Република Македонија на тоа ниво.

Имено, Регулаторната комисија се грижи за сигурно, континуирано и квалитетно снабдување со енергија. Се грижи за унапредување на конкурентниот пазар на енергија. Пропишува услови за снабдување со одделни видови на енергија, пропишува методологија за формирање на цени на одделни видови на енергија, пропишува тарифни системи за одделни видови на енергија, донесува одлуки за цени на одделни видови на енергија согласно со методологијата за фомирање на цени, тарифните системи на одделни видови на енергија и други законски прописи. Го издава, менува, одзема и го следи извршувањето на лиценците за вршење на одделни дејности од областа на енергетиката, пропишува правила за приклучување на енергетските мрежи, се грижи за унапредување на заштитата на правата на корисниците на енергија, покренува иницијатива за донесување на закони и други прописи од областа на енергетиката. Исто така, учествува во разрешувањето на спорови и предлага мерки во врска со истите.

Во однос на сите овие надлежности, кои што се само наброени како општи надлежности на оваа комисија, ако се оди во анализа на тоа што значи секоја надлежност посебно, навистина, ќе се види дека Регулаторната комисија, покрај

Владата на Република Македонија, претставува втор најзначаен орган, изземајќи го претседателот на Собранието на Република Македонија и Парламентот и судските органи како трета власт. Сметам дека овие надлежности во смисла на сигурното, континуирано и квалитетно снабдување со енергија претставува неопходен услов за воопшто живеење на секоја држава, а тоа се однесува посебно во однос на она што таа треба да го работи во идниот период за Република Македонија. Грижата за унапредување на конкурентниот пазара на енергија, тоа допрва треба да биде тема на разгледување од страна на Регулаторната комисија, затоа што конкретната пазарна енергија претставува нешто што допрва ќе се случи, а условите за снабдување со одделни видови на енергија претставуваат навистинас еден многу важна задача која што треба да ја има оваа Регулаторна комисија во нејзиното работење. Методологијата за формирање на цени на одделните видови на енергии, тарифните системи, претставуваат работи кои што нормално, во досегашниот период ги вршеше Владата на Република Македонија на предлог на јавните претпријатија и во соработка со нив, со тоа што сега оваа целосна надлежност по ова прашање, преминува на Регулаторната комисија. Од сите овие аспекти најмногу тангира аспектот на одлуките за донесување на одлуки за цени на одделни видови на енергија, односно за односот на Владата на Република Македонија со Регулаторната комисија во областа на формирањето на цените за електричната енергија. Имено, ние бевме сведоци и во претходниот период дека при донесување на буџетот на Република Македонија, имавме јавно изречени ветувања дека Електростопанство на Македонија ќе го преземе целокупниот товар од покачувањето на данокот на додадена вредност, со тоа што нема да има никакво покачување на цената на електричната енергија. За само неколку месеци подоцна и покрај нашите укажувања дека со тоа ќе се доведе во прашање нормалното функционирање на Електростопанство на Македонија и дека треба да се избегне покачувањето на данокот на додадена вредност на електричната енергија, кое што потоа директно се рефлектира на цената на електричната енергија односно на покачувањето на цената, претставува еден значаен сегмент на надлежност на оваа Регулаторна комисија, затоа што донесувањето на одлуки за цената на електричната енергија, на одделните видови на енергија, посебно на електричната енергија, директно ќе зависи од политиката, која што ја спроведува Владата на Република Македонија, а истовремено имајќи предвид дека предлогот за именување на претседател и членови на оваа Регулаторна комисија односно за формирање на оваа Регулаторна комисија доаѓа директно од Владата на Република Македонија, сметам деак

Регулаторната комисија нема да претставува ништо друго, освен покритие за одлуките во однос на цените што треба да ги носи Владата на Република Македонија. Ова го велам затоа што никаде не гледам пропишување на заштитни механизми во смисла на обезбедување на целосна независност на Регулаторната комисија во областа ан формирањето на цените на одделните видови на енергија, особено што мора да постои начин како ќе функционира комуникацијата помеѓу Владата на Република Македонија и Регулаторната комисија како две посебни институции во државата, а не Регулаторната комисија да се однесува како извршен орган на Владата на Република Македонија или како средство за покритие на одговорностите, кои што наместо директно да бидат пред јавноста насочени кон Владата на Република Македонија овој пат би се насочиле кон Регулаторната комисија, особено при услови на зголемување на цените на електричната енергија, како што тоа сега се случува или евентуално зголемување на цените на топлинска нергија и т.н. Значи, значењето на формирањето на оваа Регулаторна комисија не е само во персоналниот состав, туку и во поставувањето на нејзиното место во структурата на институциите и обезбедувањето на нејзината независност од влијанието, посебно од најзначајниот извршен орган Владата на Република Македонија за донесувањето на конкретни одлуки, а Владата на Република Македонија нормално заедно со Собранието на Република Македонија ќе си носи политички стратегии кои што ќе бидат почитувани од Регулаторната комисија.

Тргнувајќи од тоа, дека гледаме дека многу често се менуваат и цените и даноците и другите работи, кои директно ги засегаат граѓаните, сметам дека Регулаторната комисија при донесувањето на одлуки за формирање на цените на одделни водиво на енергија, треба да ги има предвид и условите кои што претставуваат основа за социјалната политика во Република Македонија односно мора да се има предвид генералната политика во оваа област, без при тоа да се нарушат пазарните законитости во утврдувањето на цените на енергенсите.

Посебно прашање претставува издавањето, менувањето и одземањето и следењето на извршувањето на лиценците за вршење на одделни дејности од областа на енергетиката. Бидејќи, во Република Македонија сеуште немаме развиен пазар на правни субјекти, на фирми, на компании, кои што се занимаваат со производство, дистрибуција и продажба на електрична енергија и други видови на енергенси, освен во одделни делови односно во областа на нафтената индустрија, сметам дека ова право што го има Регулаторната комисија, ќе нема спрема кого да го спроведува, затоа што може да издаде, да измени или да ја одземе лиценцата во

овој момент само на Електростопанство на Македонија во однос на вршењето на дејноста од областа на енергетиката, продажба, дистрибуција и транспорт на електрична енергија. Значи, оваа надлежност која што ја има Регулаторната комисија во овој момент исто така нема да може да ја реализира, а тоа ќе биде во оној момент кога ќе се отвори пазарот на електричната енергија во Република Македонија. Реков дека има области каде што ќе може да се применува, односно реално да се остварува оваа надлежност, со тоа што и тука треба навистина да се знае точниот начин на кој начин се издава, на кој начин се менува, од кои причини се одзема лиценцата, а на кој начин следи извршувањето на оние дејности кои што треба да ги реализира фирмата односно компанијата која што работи во областа на енергетиката.

Правилата за приклучување на електрични мрежи кои што треба да ги пропишува Регулаторната комисија, исто така претставуваат еден значаен сегмент затоа што на овој начин треба да се демонополизира позицијата на компаниите кои што се занимаваат со продажба, производство и дистгрибуција на енергенски, особено што нивната позиција во стопанството овозможува на различни начини да може да се опстдруира или да може да се нарушува нормалното функционирање на стопанските субјекти во однос на приклучувањето, можностите за приклучување на енергетските мрежи, како и можностите за изградба и реализација напотребите на стопанството во однос на она што треба во таа насока да го направат компаниите кои што се занимаваат со енергетика.

Покренувањето на иницијативи и грижа за унапредување на заштитата на права на користење на енергија малку претставува еден нонсенс затоа што грижата за унапредувањето на заштитата на правата на корисниците на енергија претпоставува, односно влегува во донесувањето на одлуките што се однесуваат и во однос на формирањето на цените и во однос на надлежноста што ја има регулаторната комисија во однос на издавање, менување одземање лиценца,како и во следење на извршување на лиценците. Значи, постојано, во сите овие нејзини надлежности треба да се има предвид заштитата на правата на корисниците на енергија. Особено што во оваа смисла регулативната комисија ќе мора да води сметка за комуникаицјата што ќе треба да ја имаат со оние организации што навистина по својата дејност и по својата есенција се грижат за заштита на правата на корисниците на енергија од најразлилчни аспекти. Во смисла на учествување на разрешување на спорови и предлагање мерки во врска со разрешување на спорови, тоа навистина претставува една функција што е премногу општо кажана, затоа што

не е утврдено ниту какви спорови можат да бидат предмет во кој што би можело да учествува оваа регулаторна комисија и какви се мерки може да предлага во однос на разрешувањето на овие спорови. Односно дали може воопшто да презема мерки или пак може само да предлага одредени решенија што ќе бидат прифатени или нема да бидат прифатени од надлежните институции во системот. Тоа, фактички е влезено во следната нејзина надлежност, тоа е доставување на предлози до надлежните органи за преземање на мерки во согласност со нивната надлежност и во постапка пропишана со закон кон субјектите кои дејноста ја вршат спротивно на овој закон.

Вршењето на други работи утврдени со закон претставува основ што е оставен да се проширува или да се надоградува, да се надградува на надлежностите на оваа регулаторна комисија, со тоа што нејзината практична работа ќе може да се утврдат кои се потреби ќе произлезат во иднина.

Од сите овие надлежности, дејности што треба да ги врши регулаторната комисија или оние задачи што претстојат пред неа, навистина може да се заклучи дека ова претставува втора Влада во РМ, Влада во областа на енергетската област, каде што не е нешто беззначајно, не е нешто што може набрзина, толку малку публицитет во однос на целокупната позиција на регулаторната комисија и целокупните одговорности што таа ги носи и ќе ги носи во нејзиното работење. Мораше да се остави многу поголем простор и во јавна расправа да се утврдат сите овие надлежности што ги има, односно да бидат запознаени оние на кои се однесуваат овие надлежности. Тоа би биле пред се стопанските субјекти, граѓаните и другите заинтересирани субјејту,

Сметам дека единствено оние кои учествувале во дефинирањето на овие услови се  јавните претријатија од областа на енергетиката, оносно оние што директно треба да ги контролира регулаторната комисија. Мора да се изјнајдат и тука да се размислува на кој начин ќе се оневозможи влијанието на јавните претпријатија, како и влијанието на Владата, како што кажав претходно кон регулаторната комисија, затоа што таа треба да претставува независен орган што ќе значи авторитет во енергетската обладстс.

Имено, тргнувајќи од тоа што досега го искажав, сакам да кажам дека не само што не се дискутираше во јавноста околу значењето на оваа регулаторна комисија, многу малку се дискутираше, туку и многу малку можности во јавноста имаше за профилирање, за предлагање, за дефинирање на личности што навистина со својата појава, со своето место во оваа регулативна комисија ќе значи авторитет

сами по себе. Не сакајќи протиа да навлегуваме во авторитетот на оние кои се предложени од страна на Владата, затоа што сигурно Владата водела сметка, за тоа кго предлага, меѓутоа, имајќи предвид дека најголемиот дел од биографиите што ги читавме тука, што ги имавме добиено, како пратеници, а се однесуваат на предложените членови, се однесуваат на личности кои долговреме работеле во државни институции, односно биле дел од бирократијата на РМ, со мали исклучоци, сметам дека тука не се водело доволно сметка за еден друг аспект, односно за аспектот на присуство или предлагање во регулаторната комисија на лица кои ќе бидат општо прифатени и од страна на опозицијата и од страна на позицијата и од страна на јавноста, стручната јавност што се занимав со проблемите во областа на енергетиката, како и со посебни стручни мислења од страна на менаџерските тимови, управните одбори на јавните претпријатија што се занимаваат со оваа област. Значи, да се даде една навистина силна доверба на членовите на оваа РК, кои нема да бидат само обичен предлог од страна на Владата туку ќе претставуваат консензуален избор од страна на сите релевантни структури во РМ, со цел нивните одлуки навистина да бидат пожитувани, авторитетни, почитувани од сите структури без притоа да се политизират или да се користат во меѓусебни политички пресметки.

Ова го кажувам и од причини што во предложените кандидати, ќе земам пример само еден од членовите, каде предлогот за член од 1993 година до денеска е заменик директор на Агенцијата за приватизација на РМ, бил член на управни одбори: на САСА - Македонска каменица, на Силика - Алумо силикати, Силика - ремонт, Силика - доломит, Силика- Чајле - Гостивар, Силика - минерал Македонски Брод, претседател на Управен одбор на ИВ - Кочани, член на Управен одбор на Тораница - Крива Паланка, член на Управен одбор на Билјана - Прилеп, член на Комисии за контрола на спроведените законски постапки за приватизација, автор на методологијата за проценка на опремата во рамките на вреднувањето на капиталот на претпријатието, каде што навистина сите овие активности, не гледам која поврзаност ја имаат со областа на енергетиката. Особено, не навлегувајќи во стручноста и квалиттите во личноста за што не можам да кажам ништо во таа насока, меѓутоа, имајќи ги предвид задачите што ги извршувал досега, имајќи го предвид начинот на кој се изврши трансформацијата на општествениот капитал односно приватизацијата во РМ, од 1993 година до денеска, сметам дека ова претставува една награда за успешно завршената приватизација, односно за работата на Агенцијата на РМ, за приватизација што е долги години предмет на опсервација.

Значи, не треба да се тргнува во именувањето на личности за РК заради блиски партиски и незнам како други интереси поставувани таму, туку треба да бидат поставувани личности што консензуално ќе бидат прифатени од страна на сите релевантни субјекти.

Толку би кажал за ова. Сметам дека формирањето на РК и донесувањетона измените во таа смисла го поздравувам. Сметам дека не се доволно дефинирани надлежностите, условите начинот на работа на регулаторната комисија што ќе се види во идниот период и начинот на предлагањето и утврдувањето на кандидати за оваа РК навистина претставува исклучок од нормалното барање на јавноста, на државата, за навистина авторитетно поставување на оваа комисија како многу значајна институција во РМ.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, госпоѓа Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Благодрам.

Сакам да укажам на нелогичноста на три тези кои се застапуваа во искажувањето на претходниот дискутант.

Првата теза е дека Владата бара и наоѓа механизми за да влијае на оваа РК, тоа не држи затоа што Владата се откажува од ингеренциите кои што ги има во оваа област, за да индиректно бара начини да влијае на таа комисија. Мислам дека тоа воопшто не држи, настојувањето на Владата се токму во тој правец да ја префрли ингеренцијата на стручно одредување на овие услови за занимавање, за стопанисување во енергетиката и поготово да не се случуваат такви инциденти да ги наречам како што беше покачувањето или непокачувањето на цената на електричната енергија и сето тоа. Државата е она која што го собира ДДВ а цената на електричната енергија, основната цена без ДДВ ќе се одредува на комерцијални основи односно на пазар.

Другата теза која што беше застапувана е дека не постои пазар, сакам само да кажам дека тоа е значењето на оваа комисија, оваа комисија е услов за да се отпочне отворање на пазар. Без оваа комисија тоа не е можно и оваа комисија во меѓустручњаците во светот по ингеренциите повеќе се споредува со Врховен суд од областа од енергетиката, отколку што втора Влада, мислам дека тоа не држи и уште третата теза која се застапува дека во јавноста не била популаризирана процедурата за предлагање на кандидати, така сметам дека тоа е сосема

непотребно, затоа што ова не се политички кандидати, овие се стручни кандидати и постоела јавна дискусија и рсправи по ова прашање дури и предлагање на кандидати во стручната јавност, политичката јавност за среќа не беше досега вовлечена во овие процеси и од тој аспект исто така да кажам дека не ми е познато дали некој од овие кандидати членувале во некоја политичка партија, меѓутоа, и да членувале досега во некоја политичка партија тоа не е против законско. Веќе нагласивме неколку пати дека законот предвидува можност да некој од членовите на Регулаторната комисија порано учествувале, биле членови на партија, меѓутоа членството и активностите морале да ги прекинат оној момент кога ќе бидат избрани за членови на РК.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодрам. Реплика на Репликата г-дин Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам.

Прво од последната дилема, или последните наводи кои што ги кажа колешката тоа е дека не биле политички кандидати. Јас ќе ве прашам г-динот Мурат Рамадани од с. Порој - Тетово, има завршено економски факултет во Приштина 1980 година останати квалификации. возачка дозвола за Б категорија, и единствено бил основач и долгогодишен раководител на “Единстсво” во Тетово, тоа е приватно претпријатие прашањето ми е: Дали ова не е политички кандидат или ова е стручен кандидат, кој што преку јавноста е утврден како авторитет кој што како член на оваа РК ќе претставува прифатлива личност на сите фактори. Јас зборував дека Влдата треба да обезбеди независност на комисијата, со тоа што не се обиде да обезбеди независност на Комисијата, фактички признава дека ќе употребува политичко влијание во однос на донесувањето на одлуките. Треба да се изнајдат механизми да се заштити комисијата од политички влијанија не само од Владата туку и од сите други државни институции со цел обезбедување на целосна независност баш како Врховниот суд како што кажавте.

Благодрам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата ако се излезени, преминуваме на гласање.

Предлогот Славе Ивановски, да биде именуван за претседател на Регулаторната Комисија за енергетика на РМ го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници.

Ги молам службите да утврдат присутни во салата.

(Службите вршат пребројување на пратениците во салата.)

Гласањето го поништувам.

Ги молам пратениците што се излезени од салата да влезат за да гласаме.

(Пратениците влегуваат во сала)

Молам, да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 50 за, 7 воздржани и 6 потив.

Констатирам дека Славе Ивановски е именуван за претседател на Регулаторната комисија за енергетика на РМ.

Отворам претрес по Предлогот м-р Радомир Цветковиќ да биде именуван за член на регулаторната комисија за енергетика на РМ.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот м-р Радомир Цветковиќ да биде именуван за член на РК за енергетика на РМ го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 51 за, 5 воздржани и 6 против.

Констатирам дека магистер Радомир Цветковиќ, е именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Мурат Рамадани да биде именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на РМ.

Молам, кој бара зобр.

Г-дин Маврвски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодрам г-дине претседателе,

пред малку г-динот Блаже Стојановски нешто спомна во врска со овој кандидат, јас во однос на кратката биографија која што ја имам пред мене и кои што имаме сите како пратеници, многу добро стои дека Мурат Рамадани, роден 1955 година, завршил Економски факултет во Приштина, во неговата кратка биографија стои дека е основач и долгогодишен раководител на “Единство” во Тетово, останати квалификации, интереси возачка дозвола Б-категорија, учесник на неколку

семинари, но не се наведува колку од план анализа и финансии, и жител на населбата Дреновец во Тетово. Тоа е биографија за овој економски експерт од обалста на енергетиката а тој нема ама баш никаква допирна точка со неа.

Во точка 11 - г, став 3, за која што пред малку госпodата Борозан толку упорно не убедуваше каде што стои затоа ќе бидат овие стручаци кои што ќе ги избереме дека има препорака од најмалку 3 лица квалификувани експерти д-р науки со најмалку 5 годишно искуство или главни менаџери во енергетски компании, организации и институции, со најмалку четири годишноменаџерско искуство, таква работа не гледам. За мене лично во оваа комисија требаше го повторувам ставот да бидат предложени токму професори, доктори, магистри на науки, зошто работата е премногу сериозна за да некој добие препорака од помошниот директор од подружница на Електродистрибуција. Но, човекот е релативно млад има време ќе наужи нешто во овие три години, зошто ако не се почненешто не ќе се знае дали и колку можеме да направиме.

Значи, ако ова е експерт од економијата и експет кој што ја познава многу добро енергетиката во РМ, незнам тогаш што треба да очекуваме од РК. Јас мислам дека ќе гласам лично против, затоа што оваа биографија и ова што е наведено во неговоите карактеристики не ме убедува барем во ништо дека човекот ќе може да помогне на полето на енергетиката.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам господинот Мурат Рамадани да биде именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 55 за, двајца воздржани и шест против.

Констатирам дека Мурат Рамадани е именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Влатко Гаврилов да биде именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам да ги гледаме групно, но излегува сега да ги делиме овие членови и гледаме дека и без разлика што ќе кажеме, дека тие се веќе избрани и само се потврдува она што вие се обидовте да го негирате, но тоа е точно така и за господинот Гаврилов кој е роден 1947 година, дипломиран електроинженер, целиот свој работен век го поминал во рудникот Бучин- Радовиш, стигнувајќи до технички директор, но веќе четири години има престанок на работен однос во Бучин, поради технолошки, структурални и слични промени, но од активностите кои ги има во однос на енергетиката и генерално мислам дека има доста трудови и мислам дека со ова ќе успее и Владата да го реши неговиот статус на невработен и со тоа ќе продолжи да работи во оваа сега веќе експертска комисија, која што, како што не убедуваа е на рангот на еден врховен суд или на нешто што ќе биде паралелно тело на постоечката Влада. Ако ова е точно така, тогаш јас им се извинувам на граѓаните на Република Македонија, што допрва треба да очекуваат одлуките за понатамошните цени, покачувања и сите структурални промени кои што ќе следат во нашата држава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се јавува господин Камчев за реплика.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Имам впечаток дека господинот Мавровски  на оваа седница да избиравме и полски чувар, ќе најдеше маана да не бидат избрани, само заради тоа што тој не е избран, или предложен во оваа комисија.

Сметам дека прво, нечовечки е да се зборува за еден врвен стручњак, како што е Влатко Гаврилов, кој е дипломиран електроинженер, кој работи цел век не само во Бучин, туку се занимавал со  проблематиката на енергетиката, особено во Електростопанство, сега, кога благодарение на господинот и слични на него, тој човек остана без работа, не заради тоа што отиде технолошки вишок, што сакаше да отиде, туку заради тоа што таквите како господин Мавровски го избркаа од работа и сега за да ја смири својата совест зборува овде како пред македонската јавност да ја оправда оваа работа и сметам дека ова не личи на ништо.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се јавува господинот Мавровски за реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас би имал само кратко. Ако биравме полски чувар, сигурно дека нема да дискутиравме и ќе беше се во ред, зата што ќе требаше да имаат некое лекарско уверение и физички предиспозиции.

Овде зборуваме за регулатор на комисија, која што треба да биде пандан на Владата во моментот кој што треба да ја регулира енергетиката, тоа е прво, а би го замолил господинот пратеник да не заборави дека само пред неполна недела тој пресуди за 1100 луѓе кои што се избркани од Електростопанство. Затоа мислам дека треба многу да се внимава кој кого бркал и како бркал. Јас не сум избркал никого, напротив, се примени луѓе и тие луѓе денес се стручни и се припадници на партијата која што вие ја застапувате во Парламентот, но за жал, само пред една недела вие пресудивте за 1100 луѓе што се избркани од Електростопанство на Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот и предлогот Влатко Гаврилов да биде именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 53 за, 4 воздржни.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Влатко Гаврилов е именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Бранко Брајковски да биде именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Роден е 1948 година, дипломирал машински инженер, ако беше тука генералниот диретор на Електростопанство, сега ќе се прашаше што бара господинот Бранко во оваа комисија за енергетика. Но гледајќи ја неговата биографија гледаме дека имал доста допирни точки со енергетиката но не и повеќе како што кажа господинот Блаже Стојановски. Со одборите за трансформација и

учествувал во управните одбори на големите 25 загубари кој што бил претседател на управните одбори на САСА, Македонска Каменица, Силика Ремонт, Силика Чајни, Силика Минерали, ИФФ Кочани, Тораница Крива Паланка, Биљана Прилеп. Значи тој на сите овие комисии и претседател на управни одбори, овие фирми знаеме како завршија. Моментално се наоѓа на работа во Агенцијата за приватизација, што значи се наоѓа и едно работно место точно за него, бидејќи знаеме дека по 2003 година и до март месец 2004 година оваа агенција престанува со работа. Сигурно начинот на кој што се приватизирани сите овие фирми и претпријатија и 25-те загубари до 1998 година, вие многу подобро од мене го знаете, знаете што се случи во цела Македонија, значи се е во ред и ми е страв оваа регулаторна комисија да не го доживее истото, како што беше трансформацијата со општествениот капитал во 1998 година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Бранко Брајковски да биде именуван за член на Регулаторната коисија за енергетика на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 52 гласале за, 4 воздржани и 2 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Бранко Брајковски е именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Минуваме на точката 9 - Предлог на декларација за заштита и унапредување на правата на лица со посебни потреби.

Предлогот на декларација и Извештајот на Комисијата за надворешна политика и Мислењето на Владата ви се доставени и поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

Таа се јавува во име на предлагачите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Сите граѓани на Република Македонија се еднакви пред законот, така вели Уставот и ова значи дека се со еднакви права и со еднакви можности: за живот, за развој, за учество во сите општествени текови.

Но дали е тоа токму така? Многу примери од практиката ни ажуваат дека не е сосема така. Ова може да се каже за различни категории граѓани меѓутоа, многу често за лицата со хендикеп, или според современата терминологија за лицата со посебни потреби. До следната примена на уставните определби е деловно оневозможено неприменување на одредени законски решенија, но и поради емање прецизни законски решенија во одредени случаи.

Значи неопходна ни е дерегулација на оваа материја и во смисла на обезбедување казнени одредби за неприменување на одредени закони, но и во смисла на елементарна регулација во одредени сфери за пополнување на одредени празнини. За да се направи ова потребна е добра волја и свест, свест за потребата од вакво делување.

Верувам дека во нашево Собрание постои таква свест и таква волја. Основа за ваква верба ни е формирањето на интерпартиската парламентарна лоби група за лицата со посебни потреби во мај оваа година. Во неа учествуваа 17 пратеници од седум политички партии. Оваа декларација е иницирана токму од оваа група на која и се придружија уште пет други пратеници.

На што се темели оваа декларација? Таа се темели пред се, на уставните определби за еднаквост на граѓаните во слободите и правата пред Уставот и законите. Понатаму, се темели на одредбата од Уставот дека Република Македонија е социјална држава, која се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на грачаните, им го гарантира правото на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани и им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот. Понатаму, таа се темели на Повелбата на ОН на Универзалната декларација за човековите права, на Резолуцијата на ОН за стандардните правила за изедначување на можностите на лицата со хендикеп, на Европската конвенција за човекови права и на многу други меѓународни акти. Оваа декларација се темели на нашата национална стратегија за изедначување на правата на лицата со хендикеп, која што Владата на Република Македонија ја донесе во 2001 година.

Што содржи Декларацијата? Таа има неколку членови. Пред се, таа е насочена кон подигање на свеста на граѓаните за правата, потребите, потенцијалите и предностите на лицата со посебни потреби. Треба сите да се запрашаме и да сме

свесни кои се лицата со посебни потреби, или лицата со хендикеп. Во крајна линија што е хендикеп? Некои велат дека хендикепот е само поинаков начин на живот. Значи треба да сватиме дека тоа не е личен проблем, тоа е проблем на општеството, на секој од нас.

Според податоците од Светската здравствена организација, околу 10% од популацијата во една држава има некаков вид хендикеп. А околу 5% од популацијата има некаков сериозен хендикеп. Во македонски услови тоа би значело дека околу 100 илјади лица се соочени со хендикеп, а ако се земат предвид нивните семејства, најблиски семејства, тоа би биле 4 до 500 илјади лица засегнати од хендикеп на еден или друг начин. Значи се работи за една голема социјална група и ние мораме да водиме сметка за неа.

Понатаму во оваа декларација се оценува дека е неопходно надлежните државни органи да превземат мерки и активности заради создавање услови за достапна физичка околина и обезбедување на пристап кон комуникации и информации за ефективна достапна здравствена и социјална заштита, за унапредување на процесот на образование, како и за продуктивно вработување на лицата со посебни потреби, со цел за нивно вклучување во сите сегменти на општествениот живот.

Понатаму, оваа декларација се залага дека при донесувањето на законите и другите акти, кои се однесуваат на специфичните потреби на лицата со хендикеп ќе се води посебна сметка и дека ќе се донесат сите тие акти кои што ќе се однесуваат на оваа категорија лица.

Оваа декларација исто така, ја истакнвуа и потребата за вклучување на организациите на лицата со хендикеп при донесувањето на законите и другите акти што се однесуваат за унапредување и заштита на оваа категорија лица.

Еден многу важен сегмент од оваа декларација е и изјавата дека Собранието ќе настојува да го забрза процесот на хармонизирање на законодавството на Република Македонија со меѓународните акти и стандарди во областа на правата на лицата со посебни потреби.

Јас сум длабоко убедена дека одработувајќи за хендикепираните лица, ние овде во Собранието ќе одработиме и за земјата во целина, за нејзиниот рејтинг и за признание на уште еден придонес на Република Македонија на полето на човековите права и демократизација на општеството.

Ова е 2003 година, прогласена за година на лица со хендикеп во Европа. Македонија го дава својот придонес и со оваа декларација. Верувам дека нема да остане на тоа, верувам дека ќе одиме понатаму.

Почитувани колеги пратеници, ве повикувам да одиме заедно по овој пат. Ова нема ни политичка, ни етничка, ни верска боја. Ова не засега сите нас.

НИКОЛА ПОПОВСИ:

Има збор госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Пред нас ја имаме Декларацијата за заштита и унапредување на правата на лицата со посебни потреби, која што ја предложивме група пратеници и таа произлегува од определбите содржани во основниот конститутивен акт на државата. Нема да елаборирам кои се членови на нашиот Устав каде се зборува за социјалната заштита и социјалната сигурност и правото на помош на немоќните и неспособни за работа, бидејќи тоа доволно добро го кажа госпоѓата Поповска, меѓутоа, ќе кажам дека со носењето на оваа декларација и вака јавно декларираната волја на највисокиот законодавен дом, ќе упатиме порака до извршната власт и до целокупното општество, дека ќе се трудиме да направиме се што е во можност на овој законодавен дом, да им го олесниме животот на лицата со посебни потреби.

Како што напомна и госпоѓата Поповска, при усогласувањето на нашето законодавство, со законодавството од Европската Унија, со тоа се обврзуваме дека ќе водиме посебна сметка и за регулативата која се однесува за правата на лицата со посебни потреби, дека ќе го забрзаме процесот на хармонизирање на законодавството со меународните акти и стандарди, меѓутоа и дека ќе ги влучиме организациите и здруженијата со посебни потреби, ќе го почитуваме нивното мислење, бидејќи тоа е од особено значење за унапредување на нашата регулатива за заштита на лицата а во исто време и правата на лицата со посебни потреби.

Почитувани пратеници, оваа декларација треба да биде во исто време и предупредување за институциите на државата кои што може со своето неодговорно однсување да го загрозат животот и здравјето на лицата со посебни потреби. А во исто време, треба да биде и апел до нив, посебно до Фондот за здравство, да не се игра со здравјето на лицата со посебни потреби и да престане нивното малтретирање и потрага по најнеопходните лекови за нивно преживување.

Ќе го посочам само примерот со лицата кои што боледуваат од мултиплек склероза и кои што протестираа затоа што е запрено, се надевам привремено од страна на ФОндот за здравство снабдубвањето со лекот интерферон, а со тоа и е оневозможено добивањето на интерферонската терапија, која што е долгогодишна и единствен лек за овие болни.

Не смејат почитувани пратеници овие лица да се оптоваруваат постојано со тоа дали овој или другиот месец ќе ја добијат потребната терапија. Ако лекарската комисија утврдила дека треба ваква терапија за овие болни и дека времетраењето на лекување не е шест месеци. Ако ова заболување е влезено во државните програми за лекување да паѓа на товар на државниот буџет, не е чесно од Фондот, тргнувајќи само од финансиски причини да се меша во надлежностите на лекарите за тоа колку време треба да се лекуваат овие болни.

Застрашувачки е фактот што долната граница на возраста на заболените се поместува во државата и на деца од 10 годишна возраст. А ова е единствениот лек почитувани господа со кој што се забавува прогресијата на болеста кај овие лица, чиј што краен резултат е траен инвалидитет.

Не може Фондот да тргнува од тоа дека тоа е многу скапа терапија и поради тоа чекање на набавките потребно е чекање на мислења од експерти за потребата од таков вид на терапија. Подоцна џабе ќе бидат и набавката со тендери и мислења од експерти ако поради бирократските процедури се уништува нивното здравје.

Затоа почитувани дами и господа како придонес кон менувањето на свеста на граѓаните и менувањето на регулативата во државата во врска со овие проблеми ќе гласам за донесување на оваа декалрација и се надевам дека ќе се актуелизираат потребите на лицата со посебни потреби и ќе барам начининајдобро тие да се решат во прилог на олеснување и овозможување за нив еден достоен човечки жувот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динто Благоја Гешовски.

БЛАГОЈА ГЕШОВСКИ:

Почитуван претседател на Собранието, колеги пратеници,

Денеска точка на дневен ред пред нас пратениците се наоЃа декалрација за унапредување на правата на лицата со посебни потреби предложена од група пратеници. Поголемиот дле од нив припаѓаме на Интерпарламентарната група која

треба да работи во оваа сфера односнов о унапредувањето на правата на лицата со посебни потреби.

Голем дел од она што имав предвидено да го кажам по однос н апроблемите со кои што се соочуваат лицата со посебни потреби беше изнесено од страна на претходните дискутанти и затоа јас во кратки црти уште еднаш би ги потенцирал основните работи за кои треба да разговараме преку  усвојување на оваа декалрација.

Со оваа декалрација ниту ќе започне ниту ќе заврши борбата за унапредување на квалитетот на живот на лицата со посебни потреби. Слушнавме дека бројот на лицата со посебни потреби според статистиката на Светската здравствена организација се 10% од населението во светот односно во секоја држава. Република Македонија согласно својот Устав е дефиниран акако социјална држава и држава која гарантира еднаквост на сите граѓани во Република Макеоднија, па отука произлегува и лицата со посебни потреби се еднакви граѓани на Република Македонија и како такви ние сме должни да им овозможиме квалитет на нивното живеење или еднакви можности за задоволување на нивните потреби.

По дефиниција инвалидизираните лица не се хендикепирани, туку такви нив ги прави односот на заедницата спрема нив , а ние сме тие кои што треба да го промениме јавното мнение односно свеста , како и законската регулатива во Република Македонија се со цел лицата со посебни потреби да не бидат дискреминирани и да можат да ги задоволуваат своите животни потреби.

Во изминатите 50-тина години во Република Макеоднија доста е сторено на овој план, меѓутоа во изминатите десетина, петнаесет години на транзиционо живеење и во оваа сфера имаме унапредување на дел од она кое што тогаш било во еден систем поинаку регулирано так ада и лицата со посебни потреби не останаа одминати односно и на нив се рефлектираше севкупното живеење во изминатиот период.

Голем дел од проблемите што ги тиштат лицата со посебни потреби се регулирани во Република Македонија меѓутоа исто така голем дел е регулиран со некои подзаконски акти кои што подзаконски акти во праксата не се спроведуваат. Можеби оотука потребно е и тие подзаконски акти да размислиме во иднина да ги издигнеме на законски акти и законска регулатива од причини што проблемите со кои што се среќаваат лицата со посебни потреби во Република Македонија  било во сферата на здравството, здравствената заштита, социјалната заштита, образованието, ги има преку архитектонските бариери, севкупните бариери на

нашата околина па можеби е потребно да се размисли за донесување на системски закони, кој системски закон е крајна цел на иницијаторот за формирање на интерпарламентарната група.

Не би сакал да должам многу повеќе, но уште еднаш ќе напоменам дека ние ќе ја подржиме оваа декларација, меѓутоа би сакал д аистакнам еден проблем што се појавува во овие 9 месеци од функционирањето на Собранието на Република Макеоднија, а тоа е неработењето на Комисијата за труд и социјална политика. Тоа е едно место на кое можат да бидат отворени голем дел од прашањата и проблемите со кои што се соочуваат лицата со посебни потреби.

Воедно Ви апелирам и до вас како претседател на Собранието и останатите комисии во што најможен краток рок да се надмине овој застој и нефункционирање на Комисијата за труд социјална политика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Со цел да не ги повторувам дискусиит еод претходните дискутанти ќе бидам сосема краток.

Согласно Уставот Република Макеоднија е социјална држава. Значи таа е должна да им дава помош и на немоќните односно лица со посебни потреби или според старата терминологија хендикепираните лица. Во оваа прилика јас би кажал дека не само државата туку целата заедница односно целото општество мора многу повеќе да работи на зголемвување на грижата на овие лица. Оваа декалрациај создава една обврска за Владата но и за Парламентот, но и за сите државни органи за хармонизација на нашето законодавство со меѓународните стандарди и меѓународните конвенции, но и со законодавството во ЕУ и тоа во оваа година кога ја донесуваме оваа декларација, 2003 која од ЕУ е прогласена за година на децата со посебни потреби.

Добро е што ние сме потписници од сите пратенички групи во Собранието и што сите пратенички групи ја подржуваат оваа декалрација, која што нема да биде само декалрација коај ќе остане само забележана во нормативната регулатива во Република Македонија, туку таа создава и конкретни обврски за други органи. Јас

верувам дека таа ќе претставува еден мал исчекор кон подобрување на грижата за лицата со посебни потреби.

Отаму јас би ги повикал останатите дискутанти да не го користиме ова за некое меѓупартиско препуквуање туку да зборуваме афирмативно во правец на усвојвуање на оваа декалрација, зато ашто има простор и време за такви дискусии.

Бидејки создава обврски за сите државни органи и за Парламентот и за Владата јас би потсетил дека овој Парламент и оваа Влада уште од самиот почеток имаат направено некои исчекори кон подобрување на лицата со посебни потреби. Го усвоивме Законот предложен од нашиот колега Најдовски, потоа Владата донесе измена на неколку подзаконски акти со кои им се олеснува на лицата со посебни потреби на употреба на ортопетски помагала. Тоа прашање беше неколку пати актуелизирано од повеќе пратеници во овој Парламент. Понатаму, беше донесена национална стратегија и еве со оваа целосна подршка на оваа декалрација и Владата и Парламентот јасно укажуваме на нашата цврста волја и определба и понатаму да работиме за олеснвуање на вработувањата, грижата, образованието и севкупната грижа за лицата сопосебни потреби.

Јас како потписник ја поддржувам оваа декларација, ќе гласам за оваа декалрација и се надевам дека ова ќе претставува една иницијатива за уште пообемна и покомплексна работа на Парламентот и на Владата на ова поле.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави г-динот Агим Џелили.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван г-дин претседател, почитувани колеги,

Да зборувате за унапредувањето и за заштитата на граѓаните со посебни потреби е една хумана обврска, граѓанска институционална и општествена. Зголемвуањето на културата и комуникацијата тие граѓани да не се чувствуваат изолирани и во многу нешта да бидат привелигирани. За илустрација, во големите градови има стази, посебни патеки за хендекипираните лица. Да има повеќе културни манифестации и образовни, како и да има взаемни средби. Државата да си превземе обврска да даде предност во нивната ресолизација, затоа што голем дел од нив  шетаат по улиците без никакво згрижување, било индивидуално или колективно. Ова важи за рурарните делови на државата.

Државнит еинституции да земат одговорност и некои работни места да се наменат на овие граѓани со приоритет. Дејствувајкив ака правиме една света и хумана работа, така да секој хендикепиран да се чувствува како соодветен дел на ова друштвои да придонесе со неговите професионални можности за подобра иднина.

Ние како парламентарна група сме за оваа декларација и ќе се ангажираме да создадеме услови за унапредување на нивните права.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Навистина е за поздравување иницијативата од Интерпарламентарната група за предлагање на една ваква декалрација, со што ние како Парламент во меѓународната година на заштита на правата на лицата со посебни потреби ќе дадеме еден скромен придонес.

Со оглед на тоа што дискутантите даваат подршка на ваквата декларација од сите пратенички групи во Парламентот очигледно е иако се работи за еден сериозен проблем ние зборуваме во една порелаксирана состојба со што го искажуваме нашето единство во поглед на донесувањето на една ваква декалрација.

Пред неколку години имав прилика да патува во една европска земја и бев изненаден колку таму по улица може да се  сретнат хендикепирани лица и првиот впечаток што се наметнвуа е дека таа развиена демократија навистина има многу хендикепирани лица односно лица со посебни потреби. Меѓутоа, тој впечаток е погрешен токму заради фактот што во Република Македонија овие лица се гетоизирани односно тие се зарворени во своите домови бидејки државата не создала услови особено во својата инфраструктура за да овие лица можат слободно да се шетаат и да можат д аживеат нормално како сите здрави луѓе. Од тој аспект мислам дека Парламентот не треба да  застане само на декалративни мерки и на донесување на ваква декалрација затоа што досега воглавно таква беше рпаксата, заради тоа што , колку што јас паметам , во поранешните години и финансиски гледано се обезбедуваа многу подобри услови за да може овие лица да им се олесни животот со хендикепот со кој живеат и кој што го имаат. Имавме одредени надоместоци на пример во пензиското осигурување за создавање услови за нивно

вработување, имавме повеќе можности во тие заштитни организации и во настапувањето на потешките економски услови ваквите бенифиции беа драстично намалени со што уШте пвоеќе се намалија можностите за да можат овие луѓе норамлно да се вклучат во живеењето како и други здрави луѓе.

Од тој аспект ние треба да предлагаме два вида мерки.

Првите се да укажеме и широко со оваа декалрација да ги отворимевратите на надлежните државни институции кои што преку нормативнит еакти што ги предлагаат задолжително да мислат и на овие луѓе.

Второ, да се создадат финансиски предуслови, материјални средства за да можат таквите мерки да бидат спроведени, заради тоа што во последните буџети на фондовите нема предвидено вакви средства и многу малку можеме да сториме за овие луѓе иако донесуваме вакви декларации, како што е денешната.

Затоа велам дкеа донесувањето на оваа декларација е придонес на овој Парламент во меѓународната година на инвалидите, но затоа да укажеме на сите надлежни институции дека во овој Парламент навистина особено законите кои ги третираат проблемит еод инфраструктурата нема да поминат без во нив да бидат одредени одредби кои ќе се однесуваат на лицата со посебни потреби, што впрочем е напишано и во предложената декларација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некојд руг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на декалрацијата го ставма на гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да гласаме.

Ве моалмд а гласаме.

Гласале 61 пратеник и сите за, а во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата за заштита и унапредување на правата на лицата со посебни потреби.

Минуваме на точката Десет- Предлго за донесување на закон за изменвуање на Законто за трговски друштва , со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон и извештаит ена работнит етела ви се доставени.

Отворампретрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитувна претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ќе се обидам да кажам нешто во однос на измените што се предлагаат во Предлогот за изменвуање и дополнвуање на законот за трговски друштва.

При Министерството за економија е формирана комисија која го работи новиот закон, и мислам дека многу скоро пред овој Парламент ќе биде поднесен новиот прелдог. Меѓутоа добро е што се прредлагаат овие измени со кои јас мислам дека ќе се постигнат две нови значајни цели.

Прво, ќе се елиминираат злоупотребите од носителите на правата на група акционери кои претендираат да станат носители на контролниот пакет на акциите, а во таа насока не бираат средства за да ја постигнат својата цел.

Второ, со предложенит еизмени ќе се овозможи да се развие трговијата со хартии од вредност и тие што сакаат да ги пренесат акциите може ова да го нарпават врз основа на предложенит еизмени само преку Комисиајта од вредност.

Овие се две цели кои мислам дека ќе се постигант со предложенит еизмени од страна на Владата на Република Макеоднија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувнаи претставници на Валдата на Република Макеодниај, почитувани колеги и колешки,

Би сакал да го кажам своето размислвуање во врска со Законот за изменвуања и дополнвуања на Законто за трговски друштва, со кои што како причина се наведуваат заштита на малите акционери особено на акционерите вработени од притисокот на лицата во раководните и во управните органи во фирмите во кои работат, така да не можат да ги пренесуваат своите права на овие органи на управување.

Целите кои се сака да се постигнат е акционерите своите права целосно или делумно да не можат да ги пренесуваат на членовите на органите на управување, при што ако е едностепен систем, тоа е одборот на директори, ако е двостепен систем тоа се надзорните и управните одбори во фирмите, како и да се создадат поволни услови за развој на пазарот на хартии од вредност.

Меѓутоа, како беше до сега? Иако имаше повеќе модели на приватизација, сите вработени добиваа акции, кој повеќе, кој помалку, зависно од функцијата и работното место кое го имал во фирмата. Директорите секогаш сметаат дека се сопственици, односно газди на овие фирми, така што со приватизацијата тие неможеа да се помират со фактот дека има сопственици, иако со мал број акции, кои според тогашниот закон требаше да бидат независни, и пазарно можеа да тргуваат со своите акции. Меѓутоа, во поголем број на фирмите, да не речам повеќе од 90% директорите бидејќи се сметаа за сопственици направија фирмите со огромни задолжувања и со стопирањето на продажбите ги доведуваа во ситуација фирмите да осиромашуваат, така што платите им ги даваа на работниците во оној дел кога тие сметаа дека треба, на некој начин дозирано, со што работниците ги доведуваа во една состојба на страв и зависност од менаџерските тимови во фирмите. Работниците кои тогаш се бунеа добиваа отказни решенија и притоа беа збунувани, бидејќи сметаа дека со првичниот начин на приватизацијата со тоа што имаа акции тие се и сопственици на дел од фирмата, а со тоа имаат и неотуѓиво право да работат во таа фирма, односно неможе никој да им даде отказно решение. Меѓутоа, законот беше поинаков тие само формално мислеа така, директорите ја искористија таа состојба, така што ги уценуваа работниците со тоа што ги тераа да им го предадат правото на управување според тогашниот закн на пет години, со што директорите и натаму останаа да управуваат со фирмите. Во вакви услови директорите покрај тоа што го земаа првото на управување на акциите на вработените, тие на овој начин како што кажав со уцени дека можат и да ги избркаат од работните места им ги купуваа во голем број акциите и станаа сопственици на повеќе од 50% од акционерскиот капитал во фирмите.

Овој предлог на закон за изменување и дополнување е добар, меѓутоа, сметам дека е задоцнет бидејќи во голем дел од фирмите работата е скоро завршена иако овој закон е добар со оглед на тоа што ќе ги заштити акционерите, кои се помалку од 50% како и оние акционери што имаат повеќе од 50%, меѓутоа, толку се иситнети што може да не бидат уценувани од органите на управување и раководење во фирмите. Меѓутоа, мора да потсетиме дека овие органи на управување и раководење во оној дел на фирмите каде што се тие повеќе од 50% приватизирани, практично овие не се сопственици, сопствениците се надвор. Тие може да имаат една или повеќе фирми во кои ги ставаат овие органи на управување и на раководење за да можат да упрвуваат со фирмите, така што главните што се интересираат за да можат да го земат правото на управување со акциите делумно

или целосно или да им ги откупат акциите се практично сопствениците. Сметам дека иако овој закон ќе даде една брана повеќе во нивната желба за да може 100% да ги приватизираат претпријатијата пак ќе имаат една пречка повеќе, меѓутоа пак ќе изнајдат начин како од работниците да го остварат тоа свое залагање за да можат да земат што поголем број акции во фирмите.

Од тие аспекти, ние ќе го поддржиме овој предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Преминуваме на гласање, ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласањето го поништувам.

Заклучокот повторно го ставам на гласање, сега има 69 пратеници во салата.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 65 пратеници, 64 за и 1воздржано.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 66 пратеници, 65 за и еден воздржано.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандман за менување на насловот пред член 292. по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот пред член 292, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Саити.

КУРТАЛИ САИТИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на текстот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот.

Дали некој бара збор по текстот на законот.

Има збор господинот Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Иако немам поднесено амандман, лично мислам дека поради бројните измени кои се направени од 1996 година наваму, добро би било да се изработи еден пречистен текст на Законот за трговски друштва, како полесно би се применувал истиот во практиката.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Знаете дека таа одредба неможеме да ја гласаме врз основа на усмен предлог.

АДНАН ЈАШАРИ:

Само една информација до колегата Томиќ.Во изработка е новиот закон за трговски друштва, кој некаде во септември мислам дека ќе го имаме овде како предлог на закон и затоа од внесување нов текст во моментот нема потреба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 63 пратеници, 61 за и 2 воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за трговски друштва.

**Преминуваме на 11-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за такса за привремен престој, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Законот, Ви се доставени односно поделени.

Отворам пртрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Биејќи никој не бара збор, на Собрането му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за такса за привремен престој.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 63 пратеници, 49 за, 3 воздржано 11 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 65 пратеници, 54 за, 3 воздржано и 8 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандман за менување на член 7 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амаднманот за менување на член 7, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има Збор господинот Саити.

КУРТАЛИ САИТИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот.

Дали некој бара збор по текстот на Предлогот на законот.

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 68 пратеници, 51 за, 4 воздржано и 13 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за такса за привремен престој.

Ве молам од службата господинот Бучковски е на седница на Комисијата за разоружување, да го повикаат за да присуствува на расправата по Одлуката.

**Преминуваме на 12-та точка од дневниот ред - Пердлог одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претртес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ќе почекаме да дојде предлагачот.

(Министерот Бучковски влегува во салата.)

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 64 пратеници, 63 за и 1 воздржано.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан.

**Преминуваме на 13-та точка од дневниот ред - Предлог на закон за водни заедници.**

Предлогот на закон Ви е доставен.

Знаете дека ова е последната фаза, првата фаза е помината.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор по текстот на законот?

Има збор министерот за замјоделство, шумарство и водостопанство, г. Славко Петрров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Покрај образложението што веќе е содржано во текстот, го давам и дополнителното образложение.

Секторот наводнување во Министеерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се наоѓа во евидентна криза. Наводнувањето на земјоделското

земјиште во Република Македонија во претстојниот период е изложено на голем ризик. Поголемиот дел од јавните водостопански претпријатија од Република Македонија, оние што во сегашни услови ја испорачуваат и наплатуваат водата од крајните корисници, односно земјоделците се соочени со огромни тешкотии поради кои нема да бидат во состојба да обезбедуваат квалитетни услуги во иднина. Кризата се надгрдува наназад повеќе години. Водостопанските претпријатија неможат да ги одржуваат системите за наводнување во исправна односно оперативна состојба. Поради тоа, системите имаат неопходна потреба од рехабилитација, поради што и во Македонија постои Проект за рехабилитација и преструктуирање на наводнувањетон на Светска банка, проект што околу 24 милиони долари, од кои 12 милиони долари се од Светската банка и 12 милиони гранд од Холандската Влада. Тој проект стана оперативен на 19.04.1998 година и истече петгодишниот рок, поради што има потреба од негово продолжување.

Напорите на Република Македонија проектот да се продолжи уште за две години има шанса да бидат реализирани врз основа на разговорите со претставниците на Светската банка само ако Република Македонија ги испочитува роковите што се поставени со донесувањето на овој закон и на законот за водостопанство, со што ќе даде јасен сигнал дека до 4.08.2003 година како краен рок да биде предложено продолжување на проектот за наредните две години со Светската банка.

Ставањето на дневен ред на овој закон на оваа седница на Собранието е важен сигнал, што придонесува пред Светската банка да ја покажеме нашата цврста определба да ги извршиме реформите во водостопанството на време.

Друга причина зошто овој закон што поскоро треба да се донесе, а подоцна и Законот за водостопанство, со што ќе се надгради реформата во водоснабдувањето односно водостопанството, кој што ја помина владината процедура, е состојбата на водостопанските претпријатија кои во овој момент ја вршат и функцијата на дистрибуција на вода до крајните корисници, што во иднина ќе го прават водните заедници.

16 водостопански претпријатија имаат пренесени загуби заклучно со 2001 година во износ од 17, 8 милиони евра, 21 водостопанско претпријатие искажало загуба само во 2002 година во износ од 9,1 милион евра, 23 водостопански претпријатија 2002 година искажуваат обврски во висина од 50 милиони евра, 16 водостопански претпријатија во 2002 година не исплатиле нето плата на вработените од 3,8 милиони евра, 22 водостопански претпријатија со 2002 година

немаат исплатено придонеси  и даноци од плати во висина од 4,5 милиони евра, 21 водостопанско претпријатие заклучно со 2002 година има неисплатени обврски за даноци и такси во висина од 1,6 милиони евра, 10 водостопански претпријатија заклучно со 2002 година имаат достасани судски извршни решенија во висина од 1,3 милиони евра, а 7 од нив имаат блокирани жиро сметки.

Оваа криза со несогледливи последици што се заканува да ги уништи системите за наводнување прави реформите што поскоро да мораме да ги спроведеме заради спас на водостопанството на Република Македонија.

Законот за водни заедници е важен иако е почетен чекор во тој правец, потполно преструктуирање на водостопанството во Република Македонија и обезбедување на неговото функционирање по системот на самоодржливост и самофинансирање.

Водните зедници во системот на водоснабдувањет го имаат клучното место. Тие се наоѓаат помеѓу водостопанствата што ќе ја испорачуваат водата и крајните корисници - земјоделците кои што истата ќе ја користат. Тие ќе ги обединат интересите на водокорисниците и ќе определуваат начини и количини на користењето на вода, ќе ги склучуваат договорите, ќе ја утврдуваат  цената на чинењето на испорачаната вода и истата ќе ја наплатуваат. Цената на водата која ќе ја утврдуваат и наплатуваат ќе се состои само од цената на испорачаната вода од водостопанствата и трошоците за нивното работење без право да остваруваат профит, да го делат, односно доколку имаат вишок на приходи над расходите ќе го употребуваат за подобрување на системот за водоснабдување.

Донесувањето на овој закон ќе овозможи на Република Македонија да го потврди реформскиот курс во делот за имплементација на европското законодавство во македонските закони и ќе покаже дека Република Македонија прави солидна, правна институционална рамка со овој закон, која овозможува реформи во водоснабдувањето. Преку формирањето на правен поредок и институции за спроведување на истиот во делот на реализација и заштита на реформите на теренот, квалитетно водоснабдување ќе се обезбедат услови за квлитетни земјоделски производи, конкурентни на европскиот и свесткиот пазар. Останатиот дел од решенијата  на законот и вградените амандмани  по истиот од комисиите и пратениците ги имате веќе во приложеното  образложение по Предлогот на закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас би предложил само пред да продолжиме со работа, со оглед дека е последна точка, кога ќе завршиме со оваа точка ќе дадеме една пауза од 1 час или час и пол, па ќе продолжиме со наредната седница, освен ако немаме дискусија до 14,00 часот, тогаш само до 15,00 часот ќе ја дадеме паузата.

Господинот Димитров Ангел.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Пред нас се наоѓа еден многу важен закон, кој ја регулира една многу значајна област во земјоделието, како што е водоснабдувањето. Веднаш на почетокот да го искажам моето сомневање дека едно здружение на сопственици или корисници на земјоделско земјиште, може да извршува толку важна дејност како што е користењето, управувањето, одржувањето, изградбата, реконструкцијата и доградбата на мали системи за наводнување или одводнување, како што стои во член 2 од Предлог законот. Се плашам дека една заедница т.е. здружение, кое како што стои во член 9 од Предлог законот може да основаат физички и правни лица и имаат интерес за вршење на овие толку важни дејности, навистина, ќе биде способно и ќе има капацитет за вршење на овие работи. Значи, заедницата се основа на доброволна основа. И додека сигурно е дека ќе постои интерес од страна на земјоделците за вршење на овие дејности, не сум сигурен дека ќе постои разбирање, подготвеност, стручност и доволна кооперативност за вршење на овие дејности. За да можат пратениците да добијат вистински впечаток за сериозноста и тежината на споменатите дејности, кој во член се предвидени дека ќе ги врши заедницата, јас уште еднаш ќе ги спомнам. Набавка на вода за наводнување од правните лица кои обезбедуваат вода за наводнување. Понатаму, распределба на водата за наводнување на членовите и нечленовите на заедницата во рамките на територијата на заедницата. Одводнување, користење, управување и одржување на инфраструктурата за наводнување или одводнување, доградба, реконструкција или подобрување на постојната инфраструктура, со која управува заедницата и изградба на нови мали системи за наводнување или одводнување на територијата на заедницата. Набавка, користење, одржување и замена на опремата за наводнување или за одводнување и нешто можеби најзначајно утврдување на висината на надоместокот за наводнување и одводнување и неговата наплата.

На земјоделците им се даваат задачи, како на пример, на плениминарното Собрание се формира иницијативен одбор и се определуваат лица кои ќе го подготват статутот и им се наложува да приложат и прегледна карта на територијата на заедницата со постоечката инфраструктура, деталната каналска мрежа во размер 1:25 000 илјади. Додека овие работи со помош на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство би можело да се завршат, некои други работи може да предизвикаат вистински проблеми. На пример, во член 38 правото на глас во Собранието на заедницата се предвидува да биде сразмерно на земјиштетот кое членот го поседува или кое го користи. Замислете си 2-3 корисници на земјоделско земјиште кои имаат земено државно земјиште по концесија по 30 хектари, како ќе ги надгласуваат од останатите 30 или 40 земјоделци кои имаат сопствено земјиште и што би предизвикало истото. Друг голем проблем би настанал со наплатата на надоместокот за наводнување или одводнување и особено утврдувањето на делот што се плаќа кон правното лице кое испорачува вода за наводнување и делот за покривање на трошоците за користење и одржување на инфраструктурата за наводнување или одводнување.

Кога го гледавме Предлог законот во првата фаза направив споредба со снабдувањето со вода за пиење и наплатата на истата од страна на јавните комунални претпријатија. Сите јавни комунални претпријатија во Македонија имаат голем проблем со наплатата на испорачаната вода за пиење, тогаш како мислиме да се врши наплатата на надоместокот за наводнување, за да може со тие средства и да се плаќа на правните лица кои ја испорачуваат водата т.е. што стопанисуваат со браните и да се покриваат трошоците за одржување на инфраструктурата.

Друг голем проблем може да настане со утврдување на висината на надоместокот за наводнување и одводнување кој ќе се наплаќа од нечленовите кои ги користат услугите што ги обезбедува водната заедница.

На крај државата т.е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство мора да обезбеди услови за функционирање на системите за наводнување и во случај кога во работењето на заедницата ќе настанат одредени проблеми. Со член 62 добро е предвидено управата да назначи привремен управник во случаите кога управниот одбор не свика собрание на заедницата во рок од 8 дена од поднесеното барање од страна на управата во случај кога ќе има финансиски неправилности во работењето на заедницата. Но, недоволно е утврдено што ако земјоделците не покажат интерес за формирањето на водната заедница или од најразлични причини не го завршат процесот на основање и регистрација на водната

заедница. Во Предлог законот единствено е предвидено, во член 74 точка 2, по бришењето на заедницата од регистерот до основањето на нова заедница за остварување на водостопанската дејност од јавен интерес на територијата на заедницата, се грижи Владата на Република Македонија по предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Министерството и Владата ваквата грижа ќе треба да ја остваруваат и во случаите кога по донесување на законот од најразлични причини на одредени територии нема да се основаат и регистрираат вакви водни заедници. На тој начин ќе можеме да го заштитиме јавниот интерес во оваа многу важна дејност.

Јас сакам ова на крајот или амандмански, ние разговаравме нешто со претседателот на Комисијата за законодавство да го регулираме, да не се создаде овој вакум. Значи, од донесувањето на законот до регистрацијата на водните заедници согласно со овој закон, мора Владата и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го покријат тој период како би се заштитил овој навистина многу важен јавен интерес.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Почитуван претседателе, другарки и другари,

Уште во почетокот да изразам едно задоволство што министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство загатна една страшна проблематика во која што се наоѓа македонското земјоделство. Потполно се сложувам со колегата пратеник кој пред мене зборуваше. Познато е дека секоја земја во светот која држи до себе и најразвиените земји, првата револуција во својата економија ја правеле, а и денеска многу од нив ја прават во земјоделството. Кај нас се вложени огромни средства во оваа гранка од страна на оваа држава на наредните педесетина години, во наредниот пола век како што постои Република Македонија. Изградени се и големи системи за наводнување. Направени се многу брани, мрежа за наводнување, системи за наводнување. Некаде и за она време многу модерни системи, се со цел користејќи ја положбата на Македонија, климатските услови, поволното земјиште да може во Македонија, благодарејќи на тоа што се изградени вакви водени системи и вакви големи маси од вода, да се произведуваат и две и три жетви некаде. Значи,

од трите услови да се има земја, да се има поволна клима, сонце итн и да се има вода, за жал, за овие 10 или 12 години разрушен е тој трет дел и така речиси уништен водостопанскиот систем во Македонија. Министерот во своето дополнително образложение изнесе колку е огромна загубата во водостопанството. Јас мислам дека и не е таа проценета и не таа адекватна, таа е многу поголема. Таму не се регулирани правните односи, таму не се знае што има право, што нема водостопанската заедница на ниво на Република Македонија. Поеднини водостопански заедници во разни региони во општините итн па и тие кои што произведуваат вода, мислам на оние организации кои управуваат со браните. Таму немилосрдно за овој временски период од 12 години, практично, нестопански се стопанисуваше. Тука е потрбна една длабока анализа да се разоткријат сите проблеми, но исто време една широка студија и решенија како да се излезе од оваа безизлезна тешка состојба. Со овој закон, нешто во тој поглед се настојува одредени проблеми да се разрешуваат, меѓутоа, тој не може ни 3% да ги локализира таквите огромни пожари.

Кога јас во Парламентот го поставував неколку пати прашањето за некористење на кредити, средства итн, ја имав предвид и оваа област и овие кредити. Светската банка има некои предлози како да се разрешува тој проблем, но светската банка нема да седне, па да ни даде готов проект за тоа. Потребно е од македонската држава да се направат тимови кои со стручни технички решенија ќе предложат како да се санира целокупната ситуација, како понатаму да се управува со тие системи, дали тие ќе одат на приватизации или не. Значи, еден на глобален план, а потоа и на микро план да се понудат решенија за излез од оваа, морам да кажам хаотична состојба. Мислам дека овде никој не е доволно свесен за таа состојба, затоа што таа состојба не е сликовито пренесена пред Парламентот. Нужно е ние со голема сериозност да му се навратиме на ова прашање што побрзо низ една студија, која што ќе ни ја понуди Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во која ќе можеме навистина јасно, прегледно, чисто да ги согледаме сите проблеми, па макар колку тие биле непријатни, а тие се страшни.

И, на крајот, да кажам дека јас сеуште ја чекам информацијата која што ја побарав тука во Парламентот за состојбите во земјоделието после големите и неповолни временски неприлики во Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Влада.

Овој закон некако набрзина се носи, меѓутоа, Законот за водни заедници е нов закон со кој се регулира материјата од областа на наводнувањето и одводнувањето на земјоделското земјиште кое е во сопственост на физички или правни лица. Досега оваа материја беше делумно регулирана со Законот за водите. Во образложението на законот е дадено образложение за определени одредби што му дава на квалитет. Генерално ако кажам, колку што ми е позната оваа материја, законот е добар. Основната цел му е создавање на услови за ефикасно наводнување и одводнување, при што досегашните здруженија на водокорисниците за наводнување и одводнување, се заменуваат со водни заедници, кои имаат статус на правни лица со органи на управување и разграничени, определени ингеренции. Интенцијата е глобална, но на ниво на една територијална заедница да се обезбеди функционирање на хидромелиоративниот систем.

Сепак, би можело да се изнесат некои забелешки од следните поенти. Самиот материјал е доставен дополнително како резултат на интервентно поставување на законот на оваа седница, со што се намалува можноста за негово проучување. На потаен начин се воведува самоуправното задругарство преку формирање на водни заедници со статус на правни лица и со органи пресликани од законот за трговски друштва. Со членот 6, став 5 кој гласи “доколку сопственикот или корисникот се спротивстави, заедницата може да донесе решение и воспостави времена службеност врз земјиштето, со кое го определува обемот на службеноста, нејзиното времетраење и престанок на истата, се врши класичен упад во правото на сопственоста. Со вакво решение се остава простор за узурпација на тоа право во функција на остварување на нечии цели.” Која е заштитата на сопственикот или на корисникот на узурпираниот имот ако навистина му се изврши упад и ако објективно нема услови за тоа. Нема основа за тоа, не се спротивставува на извршување на поправки на системите за наводнувае, кои поминуваат низ неговиот имот итн. Со член 9 став 1 може на мала врата да се воведе монополизација, затоа што правото на формирање на водна заедница, првенствено им се дава на крупните земјосопственици. Во член 28 не е допрецизирано што доколку стариот сопственик

не ги има измирено обврските спрема заедницата, а новиот не е известен за тоа од страна на стариот. Тогаш новиот сопственик е хендикепиран во поглед на користењето на услугите на заедницата и тоа не по своја вина. Член 48, претседателот претседава со седниците на управниот одбор. Во случај кога на седницата на управниот одбор при гласањето на определено прашање се добие еднаков број гласови за донесена се смета одлуката за која гласал претседателот на управниот одбор, е фларгантно кршење на правото за еднаква важност на секое поединечно физичко лице, со што се нарушува рамноправноста и еднаквоста, а се оди и против Уставот. Од каде гласот на претседателот е помоќен од гласовите на другите членови.

Исто така, се придружувам на претходните дискутанти за овој закон, но реков дека во глобала генерално е добар законот, меѓутоа, треба уште многу работи да се допрезицираат, затоа што се согласувам овие водни заедници се еден битен карактер за значењето на земјоделството во Република Македонија, од каде може да се наруши, ако водните заедници не функционираат т.е. производството, земјоделското производство во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој повеќе не бара збор.

Пратениците Цветанка Иванова и Ангел Димитров...

Амандманот не ви е поделен? (Не).

Со оглед дека нема дискутанти, имаме само еден амандман и да го гласаме законот и тоа е последна точка, предлагам да дадеме пауза поголема, па ќе продолжиме со Триесет и втората седница. Прво, ќе го гласаме амандманот.

Објавувам пауза до 14,00 часот и тоа ќе биде едновремено и пауза за ручек во време од час и половина.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,15 часот)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Пратениците Цветанка Иванова и Ангел Димитров поднесоа Амандман на член 72 за менување на алинеја 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по Амандманот на член 72 за менување на алинеја 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Ангел Димитров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петров, министер за земјоделство, умарство и водостопанство.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Со оглед дека расправата по текстот ја затворивме, предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, 58 пратеници гласале за, 1 пратеник против.

Според мојата евиденција во салата се 61 пратеник, меѓутоа ги молам службите уште еднаш да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите вршат пребројување на пратениците во салата)

61 пратеник биле присутни во моментот на гласањето.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за водните заедници.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 32-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 14,20 часот)